
Јованка Денкова
АДОЛЕСЦЕНТСКА КНИЖЕВНОСТ
Штип, 2024

**Д-р Јованка Денкова**
**АДОЛЕСЦЕНТСКА КНИЖЕВНОСТ**

**Рецензенти:**
Д-р Блаже Китанов
Д-р Ранко Младеноски

**Лектор:**
Д-р Игор Станојоски

**Дизајн на корица:**
М-р Петар Денков

**Техничко уредување:**
Ана Рунчева

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

**За издавачот**
**уредник на издавачка продукција на УГД**
д-р Лилјана Гудева, редовен професор,
претседател на Комисија за издавачка дејност

**Објавено во е-библиотека**
https://e-lib.ugd.edu.mk

**DOI** https://www.doi.org/10.46763/9786082770628

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

82.0-053.6/.81(075.8)

ДЕНКОВА, Јованка
Адолесцентска книжевност [Електронски извор] / Јованка Денкова. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Филолошки факултет, 2024

Начин на пристапување (URL): http://e-lib.ugd.edu.mk/1200. - Текст во PDF формат, содржи XIII, 168, [21] стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 20.06.2024. - Биографски податоци: стр. [189]. - Библиографија: стр. [169-188]

ISBN 978-608-277-062-8

а) Адолесценти -- Книжевност -- Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 63956741

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

Проф. д-р Јованка Денкова, редовен професор

# АДОЛЕСЦЕНТСКА КНИЖЕВНОСТ

Штип, 2024

**ПРЕДГОВОР**

Учебникот по **Адолесцентска книжевност** претставува материјал кој им е потребен на студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност, по предметот Адолесцентска книжевност. Во моментов овој предмет е изборен, но во новата студиска програма, овој предмет ќе биде задолжителен во седми семестар. Тоа практично значи дека студентите ќе го слушаат овој предмет во завршната, четврта година од своето студирање, кога веќе го имаат усвоено и материјалот од целокупната македонска книжевност, но и кога се наоѓаат пред своето дипломирање, кога активно ќе се вклучат во воспитно-образовниот процес. Оттука, знаењата кои ќе ги совладаат на предметот Адолесцентска книжевност ќе им бидат особено драгоцени во идната работа со учениците од основното и средното образование. Всушност, оттука произлезе и идејата да се напише еден ваков учебник и да се воведе овој предмет на катедрата за македонски јазик и книжевност. Адолесцентската книжевност е книжевност посветена на една определена возраст, периодот на адолесценцијата. Но, доколку појдеме во библиотека и побараме штанд со адолесцентска книжевност, факт е, дека ретко која библиотека го има, а и доколку постои, најчесто ќе морате да се потпрете на сугестиите на вработените библиотекари за дела за читање (се разбира, доколку немате сопствена идеја за читање). Адолесцентската литература е посебен дел од книжевноста, посебен жанр, и како таква има своја генеза, свои карактеристики, со кои се одвојува и од литературата за деца и од литературата за возрасни. Оттука, целта на часовите по Адолесцентска книжевност е студентите да добијат сознанија да се запознаат и да се воведат во појавата, развојот и особеностите на адолесцентската книжевност, најпрвин во светски и европски рамки, а потоа и на македонско тло. Понатаму, следи запознавање и осврт кон претставници од светската и македонската книжевност за адолесценти, преку делата на Горјан Петревски, Венко Андоновски, Ката Мисиркова-Руменова, Билјана Станковска, Петре Димовски, Весна Ацевска и др.

Учебникот е конципиран во три сегменти.

Првиот дел е насловен како **Книжевно-теориски осврт кон адолесцентската книжевност** и во него се осврнуваме појавата на овој релативно нов жанр, кој успеал да се избори за своето заслужено место, како и на многубројните обиди за негово дефинирање. При тоа, евидентно е дека жанрот „адолесцентска книжевност" е флуиден жанр кој е тешко да се дефинира со строго определена дефиниција, затоа што се однесува на една специфична возрасна група на читатели, кај кои возрасната граница се менува со современите текови. Во овој дел, се обидуваме и да ги издвоиме карактеристиките на адолесцентската книжевност во глобални рамки, а потоа и да проговориме за тематиката во адолесцентската книжевност, за која, подвлекуваме, дека е исто така, флуидна и зависи од современите текови. Поточно, сѐ она, што ги засега или ги интересира младите адолесценти, претставува тема во книжевноста која им е наменета. Вториот сегмент од учебникот е насловен како **Литературни раскопки** и во него главно се разгледуваат книжевни дела од македонски автори. Изборот на овие книжевни дела е направен според нивните специфики, нивната читаност меѓу читателската публика, но и според нашата оценка за ефикасноста од нивното



елаборирање пред студентите, заради нивната идна професионална определба, кога и самите ќе бидат поставени во ситуација да им го приближат убавиот книжевен збор на своите ученици и да ги приближат кон книжевноста. Исто така, оваа книжевност може да биде особено корисна во периодот на адолесценција, кога младите се соочуваат со мноштво проблеми, па во овие книжевни дела тие можат да ги пронајдат одговорите на прашањата кои ги мачат, т.е. како своевидна „библиотерапија".

На крајот се приложени референтни библиографски единици кои во голема мера можат да им помогнат на студентите во успешното совладување на материјата по предметот Адолесцентска книжевност.

Проф. д-р Јованка Денкова

## Содржина


ВОВЕД........................................................................................................1

1. КНИЖЕВНО-ТЕОРИСКИ ОСВРТ КОН АДОЛЕСЦЕНТСКАТА КНИЖЕВНОСТ................3

1.1. Појава и дефинирање на жанрот..........................................................3
1.2. Карактеристики на адолесцентската книжевност.................................6
1.3. За тематиката на адолесцентската книжевност....................................8

2. ЛИТЕРАТУРНИ РАСКОПКИ.......................................................................8

2.1. Значењето на семејството и семејните вредности за адолесцентите..........................11
2.2. Концептот на семејството низ дел од творештвото на Оливера Николова...................14
2.3. Семејството и општеството како нераздели фактори во животот на адолесцентите или за романот „Заборавениот колосек“ од Глигор Поповски........................16
2.4. „Јин и Јанг“ – семејството како огледало и комуникацијата родител-адолесцент............22
2.5. Оптимизмот во македонската адолесцентска книжевност или животот сепак е убав......30
2.6. Магијата на првата љубов прикажана во романот „Бакнеж за сеќавање“ од Александар Поповски.............................................................................33
2.7. „Што ако не постоеше полна месечина“ од Мила Кралева – роман разгледница за првата љубов......................................................................................38
2.8. „Касичка со љубов“ од Марија Петровска или учење како се мултиплицира љубовта .......................................................................................................43
2.9. Еросот и танатосот во романите на Горјан Петревски – или за љубовта во адолесцентската книжевност.................................................................48
2.9.1. „Марта“............................................................................................50
2.9.2. „Другата Марта“...............................................................................54
2.10. Осаменоста како клучен елемент во адолесценцијата.............................56
2.11. Творештвото на Ката Мисиркова-Руменова или за скалилата кон зрелоста..........60
2.11.1. Романот „Скалила“ од Ката Мисиркова - Руменова..................................60
2.11.2.Романот „Бубреже“ од Ката Мисиркова - Руменова....................................63
2.12. Адолесценцијата низ романите на Весна Ацевска.......................................66
2.12.1. Романот „Лавиринт“ од Весна Ацевска....................................................66
2.13. Роман за пријателството меѓу младите адолесценти - „Шармери од осмо“ од Велко Неделковски.......................................................................72
2.14. Романот „Ти носам пустински песок“ од Винка Саздова – роман за пријателството без граници.....................................................................79
2.15. Романот „Игбал, мојата тајна“ од Јагода Михајловска-Георгиева или за летањето низ адолесценцијата.........................................................................8
8 2.16. Темата на смртта во адолесцентската книжевност.....................................98
2.17. Проблем – романите во македонската адолесцентска книжевност......................103
2.17.1.Романот „Зелениот хороскоп“ од Томе Богдановски.........................................104
2.17.2. Романот „Јавачот на божилак“ од Горјан Петревски ........................................109
2.18. Дневничките адолесцентски записи од перото на Венко Андоновски ...................114
2.19. Адолесцентскиот роман „Бруклин“ од Дамјана Видическа - или за самопоредувањето и самоубиствата меѓу адолесцентите.............................................118


XII


2.20. Романот „На чекор од разумот“ од Моника Стојанова или за мрачните ходници на адолесценцијата.............................................................................................123
2.21. Адолесценцијата како предизвик за потрага по сопствениот идентитет ..............128
2.22. Сексуалното/семејното насилство низ призмата на адолесцентската книжевност.............................................................................................133
2.23. Немирите на адолесценцијата прикажани во романот „Лето значајно како изгрев“ од Билјана Станковска...........................................................................140
2.24. Романот „Светлина во празнината“ од Петре Димовски –или за заканата од дрогата.....................................................................................................145
2.25. Илузиите на младоста или за „лажните принцови“...............................................152
2.26. „Сѐ е во ред – роман од Јасминка Петровиќ за падовите и подемите во животот на адолесцентите .....................................................................................................157
Користена литература..........................................................................................169

**ВОВЕД**

При обидот да се проговори за жанрот „адолесцентска книжевност“, можеби најпрвин треба да одговориме на прашањето: Што е адолесценцијата?

Поимот „адолесценција“ потекнува од латинскиот збор „adolescere“, што значи „да созрее“. Тоа е животна фаза помеѓу детството и зрелоста. Адолесцентите се нарекуваат уште и тинејџери, а периодот на адолесценција е тесно поврзан со тинејџерските години (Kapur, 2015). Адолесценцијата е фаза на транзиција од дете во возрасен што грубо се смета за период помеѓу 11 и 19 години. Тоа е време кога адолесцентот доживува не само физички раст и промени, туку и емоционални, психолошки, социјални и ментални промени и раст. Се чини дека адолесценцијата е време на прашања, конфузија и силни емоции. Тоа е време кога младите луѓе ја губат невиноста на детството и навлегуваат во светот на возрасните (Cart, 2013).

Книжевност за млади е жанр кој во втората половина на дваесеттиот век произлегува од книжевноста за деца. Но, ако се прифаќа постоењето на книжевноста за деца, како и постоењето на книжевноста за возрасни, тогаш зошто да не се прифати постоењето на литература за оној период од човековиот живот помеѓу 12 години (крајот на детството) и 18 години (почетокот на периодот на зрелоста).

На оваа литература честопати се однесуваат и други термини, како: адолесцентска литература, книжевност за тинејџери/адолесценти, итн. Се работи за литература која се наоѓа помеѓу книжевноста за деца и книжевноста за возрасни, која може да се подели на истите жанрови како и книжевноста за возрасни – романса, мистерија, хорор, фикција. Мнозинството има тенденција да гледа на литературата на адолесцентите на исти начин на кој се гледа и самата адолесценција: период на несигурност како децата не се повеќе деца, но не се и возрасни.

Генералното мислење за одредбата „литература за млади“ е дека таа треба да се однесува на проблемите со кои се соочуваат младите на патот кон барање на нивниот сопствен идентитет. Воспоставување на личниот идентитет претставува најделикатен процес во периодот на растење. Раниот адолесцентски период го карактеризираат внатрешните конфликти, несигурност, стрес и дезориентираност, но и зголемена самосвест. Комбинацијата на когнитивните, социјалните и психичките проблеми ја прави адолесценцијата критичен период за соочување на поединецот со промените во сопствената личност.

Прозата наменета за оваа возраст се занимава токму со противречностите кои произлегуваат од односот меѓу недораснатиот јунак и светот околу него. Кога децата преминуваат од детство кон возрасна доба, тие доживуваат физички и емоционални промени, како и промени во однесувањето. Тие години изобилуваат со предизвици и возбудувања, но и повеќе грижи, проблеми: адолесцентите се под притисок да бидат успешни, да имаат добри односи со луѓето околу нив и да донесат важни одлучи во својот живот. Повеќето од овие ситуации се стресни и неизбежно е понекогаш да предизвикуваат загриженост кај адолесцентот и родителите. Затоа адолесценцијата е период кој бара огромно прилагодување и на детето и на родителот. Адолесцентите се чувствуваат поинакво од тоа како се чувствувале како деца и таа разлика ги збунува, не само нив и тие околу нив. Забележуваат дека се почувствителни, но не им е јасно од каде доаѓа таа чувствителност. Препознаваат дека чувствата кон родителите им се менуваат и тоа често ги вознемирува. Тие не сакаат да бараат објаснувања од другите, туку можат самите да ги создаваат и да ги проверуваат своите постапки и да размислуваат за иднината. Изворот на

стрес им доаѓа од најразлични проблеми, негативните мисли за себе, својот изглед, своите квалитети или несигурната нестимулативната, критична животна средина.

Една од задачите на адолесценцијата е да научат да ги проценуваат своите потенцијали и да ги прифатат своите ограничувања за да можат да ги надминат. Ниската самопочит ја смалува самодовербата и може да води кон чувство на помала вредност, недостиг на љубов од другите и збунетост. Многу од адолесцентите-читатели се привлечени од книжевноста која е сместена во реалноста. Тие често се идентификуваат со карактерите и настаните во современата адолесцентска книжевност, бидејќи во неа лесно ги препознаваат своите искуства и покрај разликите во местото, културата и вредностите кои се среќаваат во приказната. Можеби тоа е причината што книгите со проблематика од животот на младите се поинтересни и привлечни за читање, наспроти литературата која им се препорачува како лектира.

Оваа литература го има точно тоа за цел да го постигне кај адолесцентите, тие таму читаа за низа проблеми со кои и самите се соочуваат низ секојдневниот живот, одредени семејни конфликти, прашања поврзани со нивниот идентитет, одредени ментални проблеми, врсничко насилство. Во периодот на адолесценцијата, адолесцентот има потреба од комплексно и систематско себепознавање и израснување во зрел, млад човек на чии рамења лежи одговорноста за иднината на нацијата. Или пак не секогаш може да се изгради иднина за младите, но може да се изгради млади за иднина. Тоа, може да се направи со негување на позитивен став кон себе и на тој начин да им се помогне на адолесцентите во нивната трансформација во динамични, иновативни и сестрани млади луѓе со лидерски квалитети.


ISBN 978-608-277-062-8